# Службен весник на Република Македонија

**Број 33** **23 февруари 2016, вторник** **година LXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 908. | **Одлука** за изменување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија ...................... | 2 |
| 909. | **Одлука** за продажба на идеален дел од недвижна ствар ....................... | 2 |
| 910. | **Одлука** за продажба на идеален дел од недвижна ствар ....................... | 2 |
| 911. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод .............. | 3 |
| 912. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес ................................. | 3 |
| 913. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш ............................. | 4 |
| 914. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Крушево ... | 4 |
| 915. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје .. | 4 |
| 916. | **Решение** за именување в.д. директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа ........................... | 5 |
| 917. | **Правилник** за формата и содржината на прекршочниот платен налог | 5 |
| 918. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на евидентниот лист за пријавено производство на тутун, начинот на пријавувањето, потребната документација, како и начинот на издавање на евидентниот лист................ | 14 |
| 919. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за програмата за подготовување и полагање испит за директори, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор на јавно средно училиште…………….. | 14 |
| 920. | **Оглас** од Судскиот совет на Република Македонија ................................. | 14 |
| 921. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија................................. | 15 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**908.**

Врз основа на членот 68 став 2 и членот 63 став 6 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 февруари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПУШТАЊЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 9/16), во членот 2 датата „24 февруари 2016 година“ се заменува со датата „7 април 2016 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 - 1320/1
23 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**,с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**909.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.2.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ИДЕАЛЕН ДЕЛ ОД НЕДВИЖНА СТВАР**

Член 1

Да се изврши продажба на 101/258м² идеален дел од недвижна ствар, објект-продавница, на КП 1568, Бул. Партизански Одреди бр.93 во Скопје, запишан во Имотен лист бр.29132 за КО Карпош, Скопје, сопственост на Република Македонија–корисник Министерство за финансии.

Член 2

Продажбата на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи, со проценета вредност, утврдена согласно Процената од Бирото за судски вештачења број СВ V 100/2015 од 10.07.2015 година.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност на идеалниот дел и истата изнесува 6.185.546,00 денари.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-859/1
16 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**910.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.2.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ИДЕАЛЕН ДЕЛ ОД НЕДВИЖНА СТВАР**

Член 1

Да се изврши продажба на 1134/2902м² идеален дел од недвижна ствар, објект - хотел „Скопје“, на КП 763, во месноста Еленско с.Калишта Струга, запишан во Имотен лист бр.10777 за КО Калишта Струга, сопственост на Република Македонија – корисник Министерство за финансии.

Член 2

Продажбата на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии–Управа за имотно правни работи, со проценета вредност, утврдена согласно Проценка-проверка на проценка од Бирото за судски вештачења број СВ V 100/2015 од 6.10.2015 година.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност на идеалниот дел и истата изнесува 15.268.328,00 денари.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 42-859/2 | Заменик на претседателот |
| 16 февруари 2016 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески**, с.р. |

___

**911.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015 и 192/2015) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР–ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА МАКЕДОНСКИ БРОД**

1. Од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, се разрешуваат:

- Рената Томеска-Кузманоска,
- Милан Трајкоски и
- Слободан Максимоски.

2. За членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод се именуваат:

- Рената Томеска-Кузманоска,
- Милан Трајкоски и
- Спаско Ѓурчиноски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 1828/1 | Претседател на Владата |
| 15 декември 2015 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

___

**912.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015 и 192/2015) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР–ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВЕЛЕС**

1. Од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, се разрешуваат:

- Снежана Мечалова,
- Антонио Пановски и
- Сашко Ѓорѓиевски.

2. За членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес се именуваат:

- Антонио Пановски и
- Сашко Ѓорѓиевски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 1830/1 | Претседател на Владата |
| 15 декември 2015 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**913.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015 и 192/2015) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР–ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА РАДОВИШ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, се разрешуваат:
- Наталија Дединец,
- Спасија Тушева и
- Верица Котева.

2. За членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш се именуваат:
- Наталија Дединец,
- Спасија Тушева и
- Верица Котева Василев.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24 – 1833/1
15 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**914.**

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015 и 192/2015) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР–ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КРУШЕВО**

1. Од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Крушево, се разрешуваат:
- Коста Пејчиноски,
- Велко Костоски и
- Наталија Дуза.

2. За членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Крушево се именуваат:
- Коста Пејчиноски,
- Велко Костоски и
- Наталија Дуза.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24 – 1835/1
15 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**915.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015 и 192/2015) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013 и 139/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР–ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ-СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје, се разрешуваат:

- Надежда Узелац и
- Адријана Павловска.

2. За членови на Управниот одбор–претставници на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје се именуваат:

- Јована Мирческа и
- Андријана Павлоска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 1837/1 | Претседател на Владата |
| 15 декември 2015 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**916.**

Врз основа на член 12 од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010, 187/2013 и 43/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

1. За вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа се именува Ванчо Шехтански, досегашен директор на Инспекторатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 1839/1 | Претседател на Владата |
| 29 декември 2015 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**917.**

Врз основа на член 118 став (10) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/14, 192 /15 и 27/16), министерот за финансии, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за правно лице,за трговец поединец и за банка е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за одговорно лице во правно лице,за одговорно лице во трговец поединец и за одговорно лице во банка е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прекршочниот платен налог за физичко лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Прекршочниот платен налог за стечаен управник,за ликвидационен управник,за овластено службено лице и за лице кое врши јавни овластувања е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр.02-2753/1 | |
| 17 февруари 2016 година | Министер за финансии, |
| Скопје | **Зоран Ставрески**, с.р. |

Прилог 1

______________________________________

( Назив на органот )

Број:__________________

Датум________________год.__________во________часот

Врз основа на член 118 став (3) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот, издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

☐ за правно лице

☐ за трговец поединец

☐ за банка

| | |
|---|---|
| **А** | **ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ/ТРГОВЕЦОТ ПОЕДИНЕЦ/БАНКАТА** |

| | |
|---|---|
| **Назив** | **Даночен број** |
| **Седиште** | **Жиро сметка и деловна банка** |

| | |
|---|---|
| **Б** | **ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ/ТРГОВЕЦОТ ПОЕДИНЕЦ/БАНКАТА** |

| | | |
|---|---|---|
| **Име и презиме** | | **ЕМБГ** |
| **Датум,место и држава на раѓање** | **Занимање** | **Адреса на живеалиште или на привремен престој** |
| **Број на лична карта/патна исправа** | **Датум и место на издавање** | **Орган кој ја издал** |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕН ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдената глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95,уплатна сметка 840***05514,приходна шифра 722 154 и програма 00, цел на дознака – уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:**Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот,кој го издал прекршочниот платен налог.Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба.Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Сторител на прекршок

Овластено лице/Претседател на комисија

------------------------------------------------ М.П. ------------------------------------------------

име,презиме и своерачен потпис

име,презиме и своерачен потпис

Прилог 2

______________________________
( Назив на органот )

Број:_______________
Датум____________ год.________ во_______ часот

Врз основа на член 118 став (3) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот, издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

☐ за одговорно лице во правно лице
☐ за одговорно лице во трговец поединец
☐ за одговорно лице во банка

**Име и презиме________________________________________**
**Единствен матичен број на граѓанинот на одговорното лице во правното лице/на одговорното лице во трговецот поединец/на одговорното лице во банката________________________________________**
**Адреса________________________________________**
**Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа____________________**
**Податоци за правното лице/трговецот поединец/банката,**
**Назив________________________________________**
**Седиште________________________________________**
**Единствен даночен број (ЕДБ)____________________**
**Опис на прекршокот**
**________________________________________**
**Место и време на сторување на прекршокот**
**________________________________________**
**Правна квалификација на прекршокот**
**________________________________________**
**Записник за сторен прекршок**
**________________________________________**
**даплати глоба во износ од __________евра во денарска противвредност на ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95,уплатна сметка 840***05514,приходна шифра 722 154 и програма 00,цел на дознака – уплата на глоба.**

**ПРАВНА ПОУКА:**Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот,кој го издал прекршочниот платен налог.Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

| Сторител на прекршок | | Овластено лице/Претседател на комисија |
|---|---|---|
| ----------------------------------------------- | М.П. | ----------------------------------------------- |
| име,презиме и своерачен потпис | | име,презиме и своерачен потпис |

Прилог 3

______________________________________
( Назив на органот )

Број:__________________
Датум______________год.__________во________часот

Врз основа на член 118 став (3)од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот, издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за физичко лице)

**Име и презиме**____________________________________________
**Единствен матичен број на граѓанинот на физичкото лице**______________________
**Адреса**________________________________________________
**Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа**______________________
**Опис на прекршокот**

________________________________________________________
**Место и време на сторување на прекршокот**

________________________________________________________
**Правна квалификација на прекршокот**

________________________________________________________
**Записник за сторен прекршок**

________________________________________________________

**да плати глоба во износ од __________евра во денарска противвредност на ПП 50 образец на трезорскасметка 100-0000000630-95,уплатна сметка 840***05514,приходна шифра 722 154 и програма 00, цел на дознака – уплата на глоба.**

**ПРАВНА ПОУКА:**Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот,кој го издал прекршочниот платен налог.Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

| Сторител на прекршок | | Овластено лице/Претседател на комисија |
|---|---|---|
| ------------------------------------------------ | М.П. | ------------------------------------------------ |
| име, презиме и своерачен потпис | | име,презиме и своерачен потпис |

Прилог 4

______________________________
( Назив на органот )

Број:______________
Датум_____________год.________во_______часот

Врз основа на член 118 став (3) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот, издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

☐ за стечаен управник
☐ за ликвидационен управник
☐ за овластено службено лице

**Име и презиме**______________________________________________
**Единствен матичен број на граѓанинот на стечајниот управник/на ликвидационниот управник/на овластеното службено лице**________________________________
**Адреса**______________________________________________
**Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа**__________________
**Опис на прекршокот**
______________________________________________
**Место и време на сторување на прекршокот**
______________________________________________
**Правна квалификација на прекршокот**
______________________________________________
**Записник за сторен прекршок**
______________________________________________

☐ за лице кое врши јавни овластувања

**Име и презиме______________________________________________**
**Единствен матичен број на граѓанинот на лицето кое врши јавни овластувања_____________________________________________**
**Адреса_________________________________________________**
**Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа___________________**
**Податоци за државниот орган/институција,**
**Назив__________________________________________________**
**Седиште________________________________________________**
**Единствен даночен број (ЕДБ)_________________________________**
**Опис на прекршокот**
**_____________________________________________________**
**Место и време на сторување на прекршокот**
**_____________________________________________________**
**Правна квалификација на прекршокот**
**_____________________________________________________**
**Записник за сторен прекршок**
**_____________________________________________________**

**да плати глоба во износ од __________евра во денарска противвредност на ПП 50 образец на трезорскасметка 100-0000000630-95,уплатна сметка 840***05514,приходна шифра 722 154 и програма 00, цел на дознака – уплата на глоба.**

**ПРАВНА ПОУКА:**Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот,кој го издал прекршочниот платен налог.Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното лице од органите на надзор од член 91 или Претседателот на комисијата од член 98 од Законот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

| Сторител на прекршок | | Овластено лице/Претседател на комисија |
|---|---|---|
| ------------------------------------------------ | М.П. | ------------------------------------------------ |
| име,презиме и своерачен потпис | | име, презиме и своерачен потпис |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**918.**

Врз основа на член 7 став 6 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15 и 213/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНТНИОТ ЛИСТ ЗА ПРИЈАВЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУН, НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕТО, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ЕВИДЕНТНИОТ ЛИСТ**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на евидентниот лист за пријавено производство на тутун, начинот на пријавувањето, потребната документација, како и начинот на издавање на евидентниот лист („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15 и 42/15) во членот 3 зборот „пополнува“ се заменува со зборот „печати“.

Член 2

Во членот 4 став 1 зборовите: „лајмована индигирана“ се заменуваат со зборот „бела“.

Член 3

Во членот 5 ставот 1 се менува и гласи:

„На производителот на тутун кој е запишан во Единствениот регистар на земјоделски стопанства му се издава евидентен лист за пријавено производство на тутун врз основа на пријавата од членот 2 на овој правилник.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.02-645/3
10 февруари 2016 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**919.**

Врз основа на член 91 ставови (6) и (8) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15), министерот за образование и наука, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДГОТОВУВАЊЕ И ПОЛАГАЊЕ ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОРИ, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОР НА ЈАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ**

Член 1

Во Правилникот за програмата за подготовување и полагање испит за директори, начинот на спроведувањето на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор на јавно средно училиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/10 и 73/11), во член 4 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од став 2 точка 2 на овој член, кон пријавата од став 1 на овој член за директор на спортска академија, кандидатот треба да приложи потврда за работно искуство во воспитно-образовна дејност во установи верифицирани од министерството надлежно за образование, потврда за работно искуство во воспитно-образовна работа или потврда за работно искуство во струката.“

Во ставот 3 кој станува став 4 зборовите „став 1“ се заменуваат со зборовите „ставовите 1 и 2“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-4149/1
17 февруари 2016 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Абдилаќим Адеми**, с.р.

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**920.**

Судскиот совет на Република Македонија врз основа на член 39 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006, 150/2010, 100/11, 20/2015 и 61/2015), објавува

**О Г Л А С**

**- За избор на 3 (тројца) судии на Врховен суд на РМ за граѓанска област;**

**- За избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Штип за кривична област;**

**- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Скопје 1 Скопје од редот на Академијата за судии и јавни обвинители;**

**- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Скопје 2 Скопје од редот на Академијата за судии и јавни обвинители;**

**- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Велес од редот на Академијата за судии и јавни обвинители и**

**- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Струмица од редот на Академијата за судии и јавни обвинители.**

Кандидатите за избор на судија на Врховен суд на РМ и на Апелационен суд треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.58/2006), в.в. со чл.15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.150/2010), како и посебниот услов од член 17 став 1 алинеја 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.150/2010).

Кандидатите за избор на судија на Основен суд треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр. 58/2006), в.в. со чл.15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.150/2010), како и посебниот услов од член 17 став 1 алинеја 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.150/2010), да имаат завршено почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на WEB страната на Судскиот совет на Република Македонија на следната адреса: http://www.ssrm.mk/docs/formulari/prijava.doc.

Заинтересираните кандидати пријавата заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Македонија, ул„Вељко Влаховиќ“ б.б., во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“. Лекарското уверение за оценка на општата здравствена способност издадено од овластена медицинска установа во Република Македонија да не е постаро од една година од денот на издавање, а уверението дека не е изречена мерка на безбедност за забрана на вршење на професија, дејност или должност да не е постаро од шест месеци од денот на издавањето.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.150/2010). По однос на термините за полагање на тестовите, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на РМ. Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

| | |
|---|---|
| Бр.08-491/1 | Судски совет |
| 23 февруари 2016 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | **Бранко Ушковски**,с.р. |

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**921.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15 и 6/16), и член 10, став 5 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЦИ ЛУКС ДООЕЛ Штип, на ден 22.2.2016 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 257/12 од 8.5.2013 година, на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЦИ ЛУКС ДООЕЛ Штип, се продолжува до 28.6.2017 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| УП1 бр. 08-257/12 | |
| 22 февруари 2016 година | Претседател, |
| Скопје | **Димитар Петров**, с.р. |

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Вероника Наумовска**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

**Цената на овој број е 90 денари.**

ISSN 0354-1622

2016033